# Корисничко упатство за аплицирање за Онлајн кредит преку OneID

Комерцијална банка

Најави се на мБанка и во десното горно мени избери **Онлајн кредит преку OneID** .

Апликацијата ќе те пренасочи во системски одбраниот browser во кој треба да го потврдиш твојот OneID идентитет со најава на OneID корисничкиот профил.

Доколку првпат употребуваш електронски идентитет преку OneID во Банката ќе ти стигне нотификација за потврда на идентитетот на OneID мобилната апликација.

По идентификувањето преку OneID, внеси ги износот на кредитот и периодот на отплата, па кликни на копчето „**Потврди пресметка**“.

Со внесување на износ и период на отплата се исчитуваат останатите полиња, како износ на месечна рата, дата на доспевање, каматни стапки итн.



Со кликање на копчето „**Потврди пресметка**“ се исчитуваат деталите за кредитот, односно преддоговорите информации.



Преддоговорните информации прикажани во pdf формат, па со клик на стрелката во горниот дел на екранот се враќаш кон процесот на аплицирање.



Со клик на копчето „**Продолжи**“ се појавува пораката:

Дали си сигурен дека сакаш да ја потврдиш пресметката и со тоа да ги преземеш преддоговорните информации.

Доколку сакаш нова пресметка, одиш на „Откажи“ и се враќаш на полето каде може да внесеш нов износ и период на отплата на кредит.

Со клик на копчето „**Потпиши**“ ја потврдуваш пресметката, по што се појавува следната порака:



Твоето барање е коректно внесено. За да продолжиш со следниот чекор оди на „**Поднеси**“.

Со кликање на копчето „**Поднеси**“ продолжуваш на следниот чекор „Потпиши барање“.



Со клик на **Потпиши** се генерира код кој се прикажува во порака во мБанка.

Кодот треба да се потврди преку OneID, која автоматски се отвора,  и треба да се кликне Одобри.

Во зависност од системот на уредот, или со клик на порака или автоматски, апликацијата потоа те враќа  во мБанка.

Со овој чекор се потпишува барањето и согласноста за пристап до МКБ со OneID.



По увид на барањето и согласноста за пристап до МКБ прикажани во pdf формат, со клик на стрелката во горниот дел од екранот се враќаш кон процесот на аплицирање и продолжуваш кон следниот чекор „Кредитна анализа“.

Со клик на копчето „**Кредитна анализа**“ се прави анализата за одобрување на барањето за кредит. За кратко се појавува пораката „Успешно е направена првата анализа, продолжи понатаму.



Со клик на копчето „**Продолжи**“ се прави вториот дел од кредитната анализа. За кратко се појавува пораката „Успешно е направена и втората анализа.



За да продолжиш со следниот чекор, оди на „**Потпиши договор**“

Со клик на „Потпиши договор“ се генерира код кој се прикажува во порака во мБанка.

Кодот потоа е потребно да се потврди во OneID апликацијата, која сама автоматски се отвора, и да се кликне Одобри.

Во зависност од системот на уредот, или со клик на порака или автоматски, апликацијата те враќа  во мБанка.



Со овој чекор се потпишува договорот преку OneID.

Потпишаниот Договор за кредит може да го преземеш во pdf формат.

По увид на Договорот со сите потребни пропратни документи прикажани во pdf формат, со клик на стрелката во горниот дел од екранот се враќаш кон процесот на аплицирање.



На главниот екран, со клик на копчето во долниот дел од екранот „**Пренос на сметка**“, средствата од одобрениот кредит се префрлаат на твојата платежна сметка .

